EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА
ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

... има решение!

Стратегија за вклучување на сиромашните и социјално исклучените лица во процесите на донесување на одлуки кои се однесуваат на нив

За период 2016-2017 година

Февруари 2016

Учеството им обезбедува на луѓето вештини и врски така, што тие можат подобро да управуваат со себе - Сер Бернард Крик

Оваа Стратегија е резултат на посветеноста на МППС во промовирањето на учеството на лицата кои се соочуваат со сиромаштија и социјална исклученост во процесите за креирање и донесување на политиките.

Целта на оваа Стратегија е да иницира соработка и координација помеѓу групите во заедницата, јавните тела и национални организации на широк спектар на прашања поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост, а со цел да се изгради инклузивно општество по моделите развиени во ЈИЕ 2020.

Вклучувањето на сиромашните лица е од клучно значење за успех и бара специфични дејства. Сепак, овој процес не е воопшто лесен и едноставен, затоа што истовремено треба да се надминуваат вкоренетите општествени односи на моќ и секојдневната борба за преживување на овие лица. Процесот бара разбирање и решавање на комбинираните проблеми кои придонесуваат сиромашните луѓе да се исклучат од партиципативните процеси на донесување одлуки.

Нашата конечна цел е тежиштето да го пренесеме од „барања во името на сиромашните“ на „поддршка на барањата на сиромашните“.

<u>Точки на позиционирање:</u>

- Развој на национален и локални буџети
- Препораки, извештаи и таргети од ЕУ и ОН
- Учество во креирањето на националните стратегии поврзани со сиромаштијата (Стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост,

Стратегија за вработување, Стратегија за одржлив развој, Националната програма за развој на социјалната заштита итн)

- Работа со политичките партии и надлежните институции
- Влијание во мрежите на граѓански организации
- Иницирање на измени и дополнувања на закони поврзани со мисијата на МППС од формиранот тело за лобирање на МППС

<u>Во рамките на МППС</u>

МППС претставува пример за директно вклучување на сиромашни лица во своето работење. Тенденцијата е во иднина да се зголеми бројот на лица кои живеат во социјален ризик да станат промотори на работата на МППС, јавно да се застапуваат за своите права и да бидат директно вклучени во локални и национални процеси на донесување на одлуки.

- Меѓусебна солидарност, поддршка и едукација на членките на МППС и претставници од нивните целни групи кои живеат во социјален ризик.

<u>На локално ниво</u>

Сиромашните луѓе ги живеат своите животи на локално ниво, ова е местото каде што тие се ангажирани на дневна основа со државата, јавните услуги, пазарите и политичкиот систем. Затоа нивното зајакнување може да се случува само на локално ниво.

- Едукација дека ефективно и инклузивно локално граѓанство подразбира учество и одговорност во локалното управување и донесување на одлуки, комбинирано со поддршка за заеднички настап со претставници на МППС, претставници на граѓански организации или лидери од заедниците.

Успехот на распределбата на ресурси најдобро се гледа преку локалните испораки на националните политики за намалување на сиромаштијата. Децентрализацијата на јавниот сектор е клучна можност за зајакнување на граѓаните. Преку неа локалната власт може да ги редизајнира своите фискалните процеси на планирање и буџетирање во

потранспарентни и да им овозможи на сиромашните луѓе да имаат директно учество во нив.

- Од досегешното искуство утврдуваме дека за промена на состојбите неопходно е градење партнерства преку локални мрежи за соработка и комуникација помеѓу членките на МППС и останатите граѓански организации, на теми поврзани со сиромаштијата.

<u>На централно ниво</u>

Потребно е да се идентификуваат различни модалитети за помош и да се креираат инструменти за унапредување на систематско јакнење на оние кои живеат во сиромаштија, за да се олесни нивниот пристап во процесите на креирање и донесување на одлуки.

- Сакаме политики отпорни на сиромаштија – Потребно е да се воспостави контролен механизам кој ќе подразбира одобрување на политиките од сиромашните. Лицата на кои се однесуваат одлуките и регулативите мора да потврдат дека развојната политика е применлива и соодветна за нивната целна група.
- Наша потреба е да се обезбеди јавната поддршка за справување со сиромаштијата за да се изврши лобирање за воведување на адекватен минимален приход, како мерка која ја превенира сиромаштијата.

<u>Градење на капацитети</u>

Градењето на капацитети мора да претставува двостран процес. Од една страна мора да промовира лидерство и фацилитација, комуникација, застапување и политички вештини меѓу заедниците и граѓаните. Од друга страна градењето на способноста на јавниот сектор да одговори и да биде отчетен е критична, но овие акции мора да бидат придружена со силна мотивација. Како прв чекор во развојот на капацитетите потребни се широко достапни, транспарентни и суштински информации.

- МППС во континуитет работи и ќе продолжи на градење на капацитетите на претставници на своите граѓанските организации членки, на локално и национално ниво.

- Искористување на своите соработки и стратешки партнерства да се обезбеди нивна поддршка за остварување на целите на оваа Стратегија преку информирање и обуки на теми поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост, нивно застапување за потребите на лицата кои живеат во социјален ризик, итн.

- Искористување на искуствата на европските национални мрежи против сиромаштија во развој на иновативни модели преку кои ќе се вгради учеството на локалното население во развојот на политиките и донесувањето на одлуки.

Лобирање и застапување

МППС ќе лобира на локално, национално и европско ниво, со цел да се обезбеди инклузивен и партиципативен развојот на политиките поврзани со намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

- Кампањи преку писма и е-маил пораки

- Средби со лидерите на партиите, нивните соодветни сектори и портпароли

- Внатрешен притисок преку претставници на јавната администрација и наши лобисти меѓу донесувачите на одлуки

- Јакнење на нашите оганизации членки и претставници на нивните целни групи за лобирање во нивните средини

Подигнување на јавната свест за важноста на проблемот и канали за комуникација

МППС има сопствена комуникациска стратегија во која детално е опишано комуницирањето на сите теми поврзани со мисијата и работењето.

- Искористување на социјалните медиуми и следбениците на МППС (facebook, twitter, wordpress blog) во поддршка на нашите напори за креирање на инклузивно општество и како „пријатели“ на лицата кои живеат во социјален ризик.

- Редовно учество на претставници на МППС (членови на раководството на МППС, зајакнати претставници на граѓанските организации кои се во социјален ризик, изградени лидери на заедниците) во отворени дискусии на теми поврзани со сиромаштијата, општествената благосостојба и иднината на Македонија.

- Редовна изработка и дистрибуција на информации за новинари, отворени писма до медиумите, policy briefings, колумни.

- Иницирање на долгорочна кампања „Сите сме подеднакво важни“

- Креирање на содржини од страна на лицата кои живеат во социјален ризик

- Искористување на сите активности предвидени од страна на МППС